| 30. Цветанка Николовска Гегај | / | VIа VIб, VIIа, VIIб |

8.3. Работа во смени

Училиштето работи во смена и половина односно прва смена ( класична настава) и продолжен престој за учениците до 3то одделение од иста паралелка и за учениците од 4то одделение од различни паралелки.

8.4. Јазик /јазици на кој/и се изведува наставата

| | **Македонски Јазик** | **Албански јазик** | **Турски јазик** | **Српски јазик** | **Босански јазик** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Број на паралелки** | 19 | | | | |
| **Број на ученици** | 431 | | | | |
| **Број на наставници** | 34 | | | | |

8.5. Проширена програма

Според Концепцијата за основно образование и воспитание, а согласно член 40 од Законот за основно образование (Службен весник на РСМ, бр. 161 од 5.8.2019 година), во ООУ „Вера Циривири-Трена “ – Скопје се реализира проширена програма. Проширената програма на училиштето опфаќа прифаќање и заштита на учениците од прво,второ и трето одделение(168) еден час пред започнување на наставата и еден час по завршувањето на редовната настава, во согласност со потребите на родителите. Се организира и продолжителен престој за учениците од четврто оддление во согласност и барање на родителот/старателот. За таа цел училиштето организира дежурство на одделенските наставници. Во текот на целиот престој, за учениците се организира настава согласно со Упатството за настава во продолжен престој на ученици од иста паралелка, што го утврдува министерот, на предлог на Бирото за развој на образованието. Во продолжен престој учениците ги изработуваат зададените задолженија после редовната настава, преку разни методи,техники и форми на работа и се вклучуваат во различни воннаставни активности.

8.6. Комбинирани паралелки

Во ООУ ,,Вера Циривири Трена” нема комбинирани паралелки.

8.7. Странски јазици што се изучуваат во основното училиште

По спроведената онлајн анкета, учениците од VI одделение се изјаснија дека во учебната 2021/2022 година го избираат Германскиот јазик, како втор странски јазик Учениците од VII одд продолжуваат со германски јазик како втор странски јазик ,а VIII и IX одделение како втор странски јазик го изучуваат францускиот

јазик. Во сите одделенија од I- IX одд. се изучува Англискиот јазик како прв странски јазик. Во прилог е табелата со сите детални информации.

| 8.7 Странски јазици што се изучуваат во ООУ „Вера Циривири-Трена'' | Англиски јазик | Француски јазик | Германски јазик |
|---|---|---|---|
| Број на паралелки | 19 | 4 | 4 |
| Број на ученици | 431 | 68 | 86 |
| Број на наставници | 3 | 1 | 1 |

8.8.Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение

Во учебната 2021/2022 во нашето училиште се реализира тандем настава по физичко и здравствено образование и тоа:
I одд
Лила Трпчевска,Радмила Петровиќ Јордановска,Алмедина Адемовска, Билјана Стојановска одделенски наставници, Елена Јакимовска наставник по физичко образование
II одд.
Ана Видоевска Динева, Пепи Стефановска , Соња Силјановска,Емилија Ратков , одд. наставници , Елена Јакимовска наставник по физичко и здравствено образование
IIIодд.
- Маја Чинго,Мартин Стефановски,Сузана Аспровска, Кристина Несторовска
Елена Јакимовска наставник по физичко и здравствено образование.

8.9. Изборна настава

Според Наставниот план и програмаво месец мај од учебната 2020-2021 година , беа спроведени онлајн анкети за изборни предмети од веб страната на БРО. Анкетите се спроведоа за учениците од 5 до 9 одд и се добија следните податоци.
Va и Vб - творештво
VIa и VIб одделение-Класична култура на европската цивилизација ,предметен наставник Сузана Илиќ
VIIa и VIIб одделение Вештини на живеење ,предметен наставник Кристина Николовска
VIIIa и VIIIб одделение - Вештини на живеење,предметни наставници Јасмина Сретеновска и Силвана Јордановска
IXa и IXб одделение - Нашата татковина, предметен наставник Ленка Ѓоргоска
За учениците од четврто одделение дополнително ќе биде спроведени анкети за изборни предмети според новата Концепција за основно образование и насоките на МОН и БРО.
Изборните предмети ќе се следат два часа неделно.

8.10. Дополнителна настава

Врз основа на член 33 став(2) од Законот за основно образование(Службен весник на Република Северна Македонија"вр.161/19година) во нашето училиште се спроведува дополнителната настава за ученици од прво до деветто оддление кои во текот на редовната настава се со помали предзнаења кои покажуваат континуирано слаби резултати во учењето, подолго време отсуствуваат од настава и имаат потешкотии во учењето. Реализацијата на дополнителната настава е во соработка со родител/ старател. Ученикот од прво до петто одделение следи дополнителна настава по еден час неделно за најмногу два различни наставни предмети, за ученикот од шесто до деветто одделение следи по еден час неделно за најмногу три различни предмети. За потребата за посета на ученикот на дополнителна настава наставникот води евиденција во и го известува родителот /стартелот во рок од три дена од констатирање на потребата. Реализацијата на дополнителната настава се заведува во образец : Педагошка евиденција за доплнителна настава се архивира и заведува во оддленскиот дневник. Распоредот за секој наставен предмет се истакнува на огласна табла и на училишната веб страна.

8.11. Додатна настава

Додатната настава се организира за ученици кои постигнуваат значителни резултати по одделни наставни предмети и ученици кои покажуваат посебен интерес за продлабочување на знаењата и ученици кои се пријавуваат за учество на натпревари.Наставниците ги запознаваат учениците со видот и начин на реализација на додтаната настава,а учениците во договор со родителот/старателот одлучуваат за посета на истата.Додатната настава се изведува еднаш неделно за еден наставен предмет во оддредено одделение. Реализацијата на додатна настава се заведува во образец : Педагошка евиденција за додатна настава се архивира и заведува во одделенскиот дневник. Распоредот за секој наставен предмет се истакнува на огласна табла и на училишната веб страна.

8.12. Работа со надарени и талентирани ученици

Училиштето согласно Концепцијата за откривање и работа со талентирани и надарени ученици врши препознавање и нивна идентификација.Превзема соодветни мерки и активности за работа со нив.Најчести применети постапки за идентификација се евалуирање на квалитетот на ученичките творби и изведби,тестирање на способностите, особините на личноста и знаењата на учениците. Програми за одделенска настава(користење на насоки од НТЦ програма во прво и второ одделение-сликовит приказ,трето и четврто одд.-кодирање на зборови,четврто и петто одд.-мисловна мапа и приказни со загатки, од прво до петто одд,моторички вежби.Препознавањето на надарените и талентираните ученици од предметна настава својот потенцијал ќе го надградуваат на часовите за додатна настава,секции,слободни ученички активности подготвувајќи се за натпревари и други манифестации. По нивна

идентификација ќе следат дополнителни програми од соодветни области. ( како анекс).

8.13. Работа со ученици со посебни образовни потреби

За учениците со посебни образовни потреби наставниците изработуваат индивидуален образовен план во согласност со функционални способности и се оценуваат согласно индивидуалното постигање на очекуваните исходи.Учениците редовно се вклучуваат во воннаставни активности,проекти се реализираат во училиштето и во соработка со локалната заедница. Дефектолог во континуитет ги опсервира учениците и дава поддршка. Се користат најразлични вежби за фина и груба моторика, внимание и концентрација. Од оваа учебна година ОУРС „Д-р Златан Сремец“ одговорен е Ресурсен центар за нашето училиште со цел подобрување на инклузивниот процес.Покрај флексибилниот наставен план училиштето и со стручното тело ,Комисијата за проценка на деца и младинци за дополнителна ,образовна ,социјална и здравствена поддршка според МКФ со цел обезбедување на образовни асистенти.

8.14. Туторска поддршка на учениците

Училиштето нема потреба од туторска подршка за ученици.

## 9. Вонnаставни активности

Наставните и вонnаставните активности претставуваат нераскинлива целина во воспитно-образовниот процес што ги создаваат потребните предуслови ученикот да ја развие во отворена, самостојна, креативна и карактерна личност. Изборот на вонnаставните активности во коишто ученикот самостојно ќе се вклучи надвор од редовната настава, нему му нуди можност за развивање интереси што не ги опфаќа редовната настава. Во учебната 2021/2022 г. вонnаставните активности ќе се планираат и реализираат според Концепцијата за вонnаставни активности во основното образование изготвена од БРО. Планирањето, организирањето и спроведувањето на вонnаставни активности во училиштето ќе се води од следните начела:

1. Вонnаставните активности придонесуваат за когнитивниот, социо-емоционалниот и психомоторниот развој на учениците
2. Вонnаставните активности се инклузивни и недискриминативни
3. Вонnаставните активности се привлечни за повеќето ученици
4. Вонnаставните активности обезбедуваат активно учество на учениците
5. Развиваат интеркултурни компетенции на учениците
6. Ја поттикнуваат соработката на училиштето со родителите и со локалната заедница

   Во учебната 2021/2022год. ќе се реализираат повеќе видови вонnаставни активности кои се разликуваат според должината на траење:

   1. Краткотрајни вонnаставни активности:
      - Излети и екскурзии
      - Еднократни работилници
      - Акции во училиштето или заедницата
   2. Подолготрајни вонnаставни активности
      - Секции/клубови

9.1. Училишни спортски клубови

ОПШТИНА
КАРПОШ



***Училиштен спортски клуб***

**„ Циривири “ - Скопје**

***Лична карта на училиштен спортски клуб „Цивирири“ – Скопје***

| | |
|---|---|
| ***Име на клубот*** | ***Училиштен спортски клуб „Цивирири“*** |
| ***Скратено име на клубот*** | ***Цивирири*** |
| ***Година на формирање*** | ***2019*** |
| ***Адреса на клубот*** | ***Руѓер Бошковиќ*** |
| ***Телефон*** | ***023068507*** |
| ***e-mail*** | ***uskciriviri@gmail.com*** |

***Просторни услови за работа на клубот***

| | |
|---|---|
| ***Надворешен фудбалски терен*** | ***1*** |
| ***Надворешен терен за кошарка*** | ***1*** |
| ***Надворешен терен за одбојка*** | ***1*** |
| ***Соблекувални*** | ***2*** |
| ***Спортска сала*** | ***1*** |

***Материјални услови и опрема***

| | |
|---|---|
| ***Фудбалски топки*** | ***30 ком*** |
| ***Ниски чуњеви*** | ***2 сета*** |
| ***Високи чуњеви*** | ***8 ком*** |
| ***Високи чуњеви со пречка*** | ***4 пара*** |
| ***Голови 2м х 3м*** | ***2 ком*** |
| ***Мали голови*** | ***2 ком*** |
| ***Маркери*** | ***20 ком*** |
| ***Кошеви*** | ***4 ком*** |

***Одговорни наставници***

| | |
|---|---|
| ***Велимир Новески*** | ***Одделенски наставник*** |
| ***Мартин Стефановски*** | ***Одделенски наставник*** |
| ***Оља Даневска*** | ***Наставник по физичко образование*** |
| ***Елена Јакимовска*** | ***Наставник по физичко образование*** |

***Време на реализација***

| | |
|---|---|
| ***Среда*** | ***15:00 – 16:00 часот*** |
| ***Петок*** | ***15:00 – 16:00 часот*** |

***Ученици***

| | |
|---|---|
| ***Одделенска настава*** | ***Основни тренинзи*** |
| ***Предметна настава*** | ***Напреди тренинзи*** |

***Видови спорт***

| | |
|---|---|
| ***Фудбал*** | ***По избор на учениците*** |
| ***Кошарка*** | ***По избор на учениците*** |
| ***Ракомет*** | ***По избор на учениците*** |
| ***Одбојка*** | ***По избор на учениците*** |
| ***Фитнес*** | ***По избор на учениците*** |

***Цели на дејствување на училиштен спортски клуб „Циривири“ - Скопје***

***Училишниот спортски клуб „Циривири“- Скопје заради остварување на целите за кои е основано и активностите за вршење дејност спорт ќе работи во насока на:***

- Развој и унапредување на спортот
- Предлагање мерки за развој и унапредување на спортот
- Развивање на спортот кај маладите;
- Развој и унапредување на спортската култура кај граѓаните, како дел од развојот на едно граѓанско општество;
- Иницирање и мотивирање на најмладите за изучување на спортот и активно користење;
- Формирање на континуирачки натпреварувачки спортски екипи во повеке категории.
- Учествување на кампови и турнири во државата и надвор од неа

***План и програма на работа на училиштен спортски клуб „Циривири “ - Скопје***

- Активности во текот на годината
    - Тренинг сесија ( за секоја категорија поединечно ,според програмата на работа )
    - Натпревари
    - Пријателски натпревари , турнири , екскурзии , кампови
    - Медицински преглед
    - Работни состаноци , родителски средби
    - Теоретски предавања
        - Правила на спортот
        - Правилна исхрана на спортистите
        - Лична хигиена
        - Правилен начин на живот
        - Останати теми од областа на спортот

Тренинзите се со времетраење од 60 -75 минути. Во оваа чувствителна фаза на развој кај децата од 6 до 12 години целта е да се задоволат нивните основни биолошки , психолошки и социолошки потреби . На тренингот акцентот се става на оптимален личен и социјален развој на секое дете , негово правилно воспитување и задоволување на неговите внатрешни мотиви за игра , забава и спортски напредок . Стекнување на работна навика и дисциплина во пристапот кон тренингот , развивање на перцепција за игра и колективност.

Планот на работа на училишниот спортски клуб се состои од повеќе начини на припрема застапени низ различни содржини , методи на работа , волумен на оптеретување , средства за контрола на реализираното како и на останатите содржини .

- Селекција
- Физичка припрема
- Техничка припрема
- Тактичка припрема
- Психо-социолошка припрема и развој

Најголем процент од програмата е базиран на метод на запознавање на децата со техничката припрема на основните елементи:

- удари по топката
- контрола на топка
- прием на топка
- дриблинг и финти
- одземање на топка од противник

Основна тактичка припрема за оваа категорија :

- соработка на два или три играчи во офанзива
- дефанзивни задачи

Благовремено обучување на одредени елементи кои одговараат на моторичките способности и развојот на нервниот систем на оваа возраст .
За време на работните часови со методско - педагошки пристап кон тренингот и негова правилна организација се почитуваат основните принципи на обука :

- од познат кон непознат елемент
- од полесен кон потежок елемент
- од едноставен кон сложен технички елемент

По завршување на основната обука на елементот , преминуваме на надградба и усовршување на техничкиот елемент . На тренингот се посветува внимание на детална и прецизна обработка на елементот и негово усогласување со брзината , издржливоста и координацијата на поедини спортисти , она што го бара и современиот спорт . Вежбите се изведуваат во движење , тие содржат два или повеќе технички елементи , се поврзуваат елементите од техника со тактички задачи .

Во оваа сензитивна фаза од развојот на децата , покрај доминантноста на учењето на спортската техника , исклучително прецизно се посветува време и на подобрување на моториката кај децата со цел да се олесни понатамошната работа и побрзо прифаќање на сложениот дел од спортската техника .

Преку разни полигони , мотивациони игри од натпреварувачки карактер се работи на развојот на функционално - моторичките спосбности :

- Координација

- општа , специфична координација , координација со топка ; координирано движење рака -нога ;контрола на телото, рамнотежа , чувство за ритам .

- Брзина

- најпрво учење и постепено усовршување на техниката на трчање; преку игри полигони , натпревари ,подобрување на брзината на реакција ; поврзување со вежби од техника , координација .

- Снага /сила

-постепено внесување во тренингот ; стабилност на трупот ; експлозивна снага.

- Агилност

- ситуациона агилност ; во комбинација со вежби за брзина на реакција .

- Флексибилност

- застапеност на секој тренинг ; статичка и динамичка припрема на телото за работа , комбинирано со вежби за координација , ритам ; превенција од повреди.

- Развој на аеробни способности

- преку полигони , ТЕ-ТА вежби , штафети , игри ; вежби со низок интензитет со подолго времетраење .

По завршување на полусезоната се користи батерија тестови за мерење на функционалните и моторичките способности . Целта е да се одредат слабостите кај одредени фудбалери , како и да се утврди напредокот и следење на истиот во иднина .

| **Категорија** | **6-12г.** |
|---|---|
| **Задача** | |
| **Физичка припрема** | **25%** |
| **Техничка припрема** | **60%** |
| **Тактичка припрема** | **5%** |
| **Теоретска припрема** | **10%** |

***Тактичка припрема***

Во оваа возраст играчите добиваат минимално запознавање од областа на спортската тактика , преку елементарни и помошни игри . Се дозволува детската креативност да се развива без никакви правци и насочувања кон одредени тактички шаблони .

При запознавање со поедини технички елементи, играчите се запознаваат и со следните елементи од тактика:
- Запознавање на играчот со улогата и местото на кое игра
- Индивидуална игра
- Маркација на играч
- Демаркација
- Маркација на играчот и просторот при напад на противник
- По изгубена топка , брз напад на противник
- Водење топка само кога играчот нема подобро решение

***Техничка припрема***

Развојни обележја:
- Значаен напредок во прецизноста и фунционалност на движењата
- Развој на логичко мислење и донесување заклучок

Одредување цел на работа на ТЕ:
- Систематска обука на техниката : составен , планиран и програмиран , методски спроведен процес на правилно изведување и усвојување на елементите од техника.

Задачи на техничката припрема:

- без топка
  - основно движење ( бавно трчање со низок интензитет )
  - старт и стартно забрзување
  - цик-цак трчање (промена на правец ) према напред
  - трчање со промена на правецот напред-назад
  - движење во дефанзивен став
  - одраз со две нозе
  - одраз со една нога
- со топка
  - жонглирање (на подлога и во воздух )
  - водење топка ( среден дел на стапало, надворешен и внатрешен дел , ѓон )
  - финти и дриблинг ( чекор напред , навлекување , лажен удар )
  - основни и специфични удари со нога ( внатрешен дел , среден дел , параболични удари, волеј удари )
  - удари со глава ( без скок и во скок )
  - прием и пренос на топка ( внатрешен и надворешен дел на стапало , натколено, прсти , одбиени топки )
  - одземање топка
  - техника на голман

| Работна Недела | 1 | 2 | 3 | 4 | 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Технички** | Повторување на претходно учените делови од елементарната техника -Контрола на топка и движење со топка, жонглирање со различни делови на стапало | | Контрола на топка , амортизација при прием со внатрешен.надвореш ен дел и правилно поставување на телото при додавање на топката со внатрешен дел, способност за комфорт со топка , пас комбинаторика | | Удар по топка после отскокнување , прием на високи топки - амортизација при прием со натколено , гради , ѓон , потколено. Пас игра | | Дриблинг и финтирање - челно и бочно водење на топка со промена на правец и брзина на движење. Пас игра | Повторување на елементарна техника - удар со глава - правилна распределба на рамнотежата на телото при ударот , од место и во скок. |
| **Тактички** | Игра на 4 гола , игра 5:5 , 6:6 , 7:7 , 8:8 со голмани , | | | | Наставни игри на краток простор со задачи | | Игра 1:1/2:1/2:2/3:2 Соработка на 2 играчи во однос 2:1 | Посед на топка на краток простор со задачи |
| **Физички** | Општа координација , флексибилност , агилност, развој на аеробна способност | | Општа координација , флексибилност , агилност, развој на аеробна способност, специфична координација , брзина , стартна брзина , брзина на реакција | | | | Општа координација, специфична координација , вежби за сила во парови , рамнотежа и баланс | Општа координација , флексибилнос т , агилност, развој на аеробна способност, специфична координација , брзина |
| **Друго** | Натпревар | | | | | | | |

| **Работна Недела** | **1** | **2** | **3** | **4** | **1** | **2** | **3** | **4** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Технички** | Елементарна техника - чиста механика на удар на гол , прецизност - пас комбинаторика | Разни комбинации за контрола и водење на топката , со промена на правец и брзина .Пас дупли-пас | Кинестетички осет за топка . Пас, дупли пас , пренос на топка со прием на внатрешен-надворешен дел. | | Запознавање со специфични удари - волеј , полуволеј , дроп-кик . Пас комбинаторика , прием на топка во движење | | Елементарна техника - повторување на сите приеми на топка , основни и специфични водења на топката , долга топка(парабола) , фрлање аут . Финтирање и дриблинзи со полуактивен и активен противник . | |
| **Тактички** | Соработка на 2-3 играчи. Игра 4:4+4 , 3:3+3 | Правилно отворање и тајминг нудење видлив агол , демаркација , тех-так игра 3 : 0 ; 3 : 1 .Игра на краток простор. | | | Наставни игри , ноготенис , ракомет со задачи(гол со глава , гол на волеј ), Игра на краток простор со брзи удари кон гол . | | Игра на краток простор . Напад на противник по изгубена топка и брза трансформација .Приоѓање и нудење решение на соиграч . | |
| **Физички** | Коордиција , техника на движење без топка со промена на правец на движење и брзина , координација на учење на моторички задачи , ритмичка координација , просторно временска координација , брзинска координација , сила , флексибилност , баланс , брзина , екслпозивност , брзина на реакција, аеробна способност. | | | | Специфична координација , акробатика , брзина - штафетни трчања , забрзувања и шпринтеви од различни позиции до 30 метри. Вежби за снага од изометрија со минимално оптеретување . Консолидација на она штое научено. Развој на аеробна способност. | | | |
| **Друго** | Натпревари / излети / Теорија ( исхрана и хигиена) | | | | Натпревари / Теорија (лик на спортист ) | | | |

| Работна Недела | 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|---|
| **Технички** | Повторување на елементи од техника со топка во движење , прием на високи топки и поврзување со водење топка и удар на гол . | | Елементарна техника низ игри , штафети , полигони со натпреварувачки карактер . Сумирање на наученото од изминатиот семестар . Тестирање | |
| **Тактички** | Соработка на 2-3 играчи. Создавање навика играчот секогаш да ја прати играта и да учествува во неа .Повратна топка и движење во празен простор . | | | |
| **Физички** | Општа координација, специфична координација , вежби за сила во парови , рамнотежа и баланс, агилност , флексибилност , ритмичка координација , брзина на реакција | | | |
| **Друго** | Натпревар / излети / Батерија тестови -моторички способности | | | |

9.2. Секции

| Секција | Цели | Време на реализација | Членови (ученици) | Наставници | Ресурси |
|---|---|---|---|---|---|
| **Ритмичко-балетска** | - Да ги усовршува основните чекори и начини на движења и да ги модифицира согласно со своите можности;<br>-Да се воведува во спознавање на патот на творење на музичко сценско дело;<br>-Да се развиваат кај ученикот ритмички и грациозни движења, усогласени со различни видови на музика;<br>- Да ги спознава основните музички ритмички активности како и слушање музика;<br>- Да ги развива и усовршува музичките способности;<br>-Да се оспособува за учество во танцови драматизации;<br>-Да се оспособи за изведување на кореографија. | Во текот на целата учебна година | Групата од ученици ќе биде формирани по отпочнувањето на учебната година | Маја Чинго<br>Мартин Стефановски<br>Анита Петровска<br>Емилија Ратков | ЦД плеер, компакт дискови |
| **Литературна** | - Правилно и гласно логичко читање со почитување на интерпукциските знаци,<br>-Изразно читање на стихотворба,<br>-. Имитирање на говорот на ликовите на даден текст,<br>- Оспосбување на учениците за изразно рецитирање,<br>- Учениците се оспособуваат за чиатње по улоги,<br>- Оспособување на учениците за брзина на говорење и интерпретација на бројалки,<br>-Оспосбување на учениците за составувањње на литературни творби. | II, III, IV,V, VI месец | Групата од ученици ќе биде формирани по отпочнувањето на учебната година | Дајана Станисавлевиќ | -Учебник,<br>-Детско списание<br>-Книги,<br>-Слики, списанија, лични творби,<br>-тетратка |
| **Литературно-драмска** | -Поттикнување на учениците за логичко размислување,истражување во обласа на македонскиот јазик - љубов и интерес кон творењето и подлабоко преку нови творења,пишување проза и поезија,драматизирање,<br>-глумење на театарски претстави<br>-вежби на правилно рецитирање,пишување | Во текот на целата учебна година | Групата од ученици ќе биде формирани по отпочнувањето на учебната година | Билјана Стојановска<br>Сузана Аспровска<br>Велимир Новески<br>Анита Петровска | Тетратка и прибор за пишување, учебници, литературни дела |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Математичка** | -Поттикнување на учениците за логичко размислување;<br>-Истражување во областа на математиката;<br>-Љубов и интерес кон математиката и подлабоко преку нови решенија, задачи,<br>-Ширење на видик на решавање и примена на математика во секојдневието, како и развој на математичка интуиција | Во текот на целата учебна година | Групата од ученици ќе биде формирани по отпочнувањето на учебната година | Дајана Станисавлевиќ<br>Ана Видоевска-Динева<br>Алмедина Амедовска | Тетратка и прибор за пишување, учебници,збирки задачи, линкови од корисни содржини, квизови,нагледни средства-2Д и 3Д форми, мензури, вага, метро и сл. |
| **Ликовно-креативна** | -Оспособување на учениците за проектирање на сложен простор-внатресен;<br>-Претставување дезен на предмет;<br>-Примарни и секундарни бои, топли и ладни;<br>-Тонско степенување на бојата;<br>-Запознавање со асоцијативните особености на бојата;<br>-Да се оспособува за печатење;<br>-Да умее да печати со помош на компир;<br>-Да умее да создаде композиција со печатење;<br>-Да умее да печати со помош на картон – печат;<br>-Оспособување на учениците слободно да ги изразуваат своите чувства и замисли;<br>-Креативно се изразува при користење колаж;<br>-Развивање педантност во работата и чувство за одговорност за својот прибор;<br>-Моделира и притоа внимава на детали. | Во текот на целата учебна година | Групата од ученици ќе биде формирани по отпочнувањето на учебната година | Лилјана Петковска<br>Соња Силјановска<br>Радмила Петровиќ-Јордановска | Блок, фломастери,водени бои, темпери,глина,пластелин, туш и перо, хартија во боја, колаж, лепак,ножици,волница,стари весници и сл. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Музичка | Да развива способност за целосно слушање на музичкото дело;<br>Да се оспособи да ја изрази својата музичка мисла;<br>Развивање на креативните способности;<br>Да применува знаење од ИКТ во наставата;<br>Развивање на техниката на блок флејта;<br>Да развива навики за активно слушање детски песнички;<br>Да се оспособи да ја изрази својата музичка мисла;<br>Да дискутира за впечатоците од музиката;<br>Да се поттикне да направи аматерски тонски запис на сопствена музичка мисла; | Во текот на целата учебна година | Групата од ученици ќе биде формирани по отпочнувањето на учебната година | Жанета Павловска<br>Кристина Несторовска<br>Лила Трпчевска<br>Николина Ристовска | ЦД плеер, компакт дискови, детски музички инструменти, синтисајзер,клавир и сл. |
| **Биолошка секција - Млади биолози** | - Усвојување на дополнителни знаења и вештини<br>- Мотивирање на учениците за изучување на биологијата<br>- Оспособување на ученикот за истражувачки активности | Во текот на целата учебна 2021/2022 година | Ученици од VII до IX одделение | Дивна Карапанчева | Учебник, енциклопеди и, Интернет, шеми, модели, микроскоп, лабораториска опрема, свеж материјал |
| **Хемиска секција** | Проширување на знаења | Во текот на целата учебна 2021/2022 година | Ученици од 8.и9.одд. | Валентина Пешевска | Учебник, Лабораторија, Интернет |
| **Физичка секција** | Проширување на знаења | Во текот на целата учебна 2021/2022 година | Ученици од 8.и9.одд. | Игор Донов | Интернет |
| **Географска секција** | Проширување и продлабочување на знаења | Во текот на целата учебна 2021/2022 година | Ученици од 6.7. 8.и9.одд. | Ленка Ѓоргоска | Интернет |
| **Драмска секција** | Кај ученикот /ученичката:<br>-да побудува и развива интерес за драмска и театарска уметност и да ги поттикнува учениците за драмска изведба и сценски настап,<br>- да го развива правилно говорот и дикцијата и да развива интерес и љубов кон македонското творештво,<br>да ја јакне самодовербата,<br>-да го поттикнува чувството за тимска работа и соработка меѓу учениците и да ја поттикнува желбата за творење | Во текот на целата учебна 2021/2022 година | Ученици од 6.7. 8.и9.одд. | Ванчо Љатковски | Драматизирање различни драмски текстови. Пред ученици и родители. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Секција „Кино око“** | Кај ученикот /ученичката:<br>-да побудува и развива интерес за филмската уметност и да ги поттикнува учениците за дискусија и критика на филмската уметност,<br>- да развива интерес и љубов кон филмското творештво,<br>да ја јакне самодовербата,<br>-да го поттикнува чувството за тимска работа и соработка меѓу учениците и да ја поттикнува желбата за филмско творење | Во текот на целата учебна 2021/2022 година | Ученици од 6.7. 8.и9.одд. | Ана Кралевска, Танка Спасовска, Ванчо Љатковски | Компјутер,ЛЦД проектор интернет |
| **Секција „Млади французи“** | Кај ученикот /ученичката:<br>-да побудува и развива интерес за француските јазик литература и култура<br>- да развива интерес и љубов кон франкофонијата,<br>-да ја јакне самодовербата,<br>-да го поттикнува чувството за тимска работа и соработка меѓу учениците и да ја поттикнува желбата за изучување на францускиот јазик | Во текот на целата учебна 2021/2022 година | Ученици од 8.и9.одд. | Силвана Јорданова | Компјутер,ЛЦД проектор интернет |
| **Секција „Млади јазичари“-Англиски јазик** | Продлабочување и проширување на знаењата и практична примена на јазикот | Во текот на целата учебна 2021/2022 година | Ученици од 6.и7.одд. | Александра Чочевска | Компјутер,ЛЦД проектор интернет |
| **Математички клуб** | Промоција на математиката, проширување на знаења, запознавање со практична примена | Во текот на целата учебна 2021/2022 година | Ученици од 6.и 9.одд. | Јасмина Сретеноска | интернет |
| **Ликовна секција** | Проширување на знаењата, развивање креативност и развивање индивидуален пристап кон работата во рамките на нивната способност | Во текот на целата учебна 2021/2022 година | Ученици од 6.7.8.и 9.одд.кои имаат талент, желба и посебни творечки способности | Даниела Илиевска Стојчева | За стимулација во ликовното творештво и поголема креативност потребни се посети на ликовни колонии, музеи, хепенинзи и други стручни соработници како и стручна литератураи интернет страници каде може да се најдат идеи и предлози за повисоки постигнувања на учениците |

## 9.3. Акции

Акциите како дел од вонннаставните активности во нашето училиште се од интерен и екстерен карактер,односно дел се спроведуваат внатре во училиштето ,а дел во соработка со локалната заедница. Организираните акции се од различен карактер:општествено хуманитарни,еколошки ,хепенинзи ,базари со јано дефинирани содржини и времена реализација.

| План за организирање на акции во учебната 2021/2022 година | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Задача** | **Активност** | **Временска рамка (месец)** | **Носители** | **Начин на спроведување** | **Потребни средства и материјали** | **Исходи** | **Тим за следење на акциите** |
| Хуманитарни собирни акции | Организирање и спроведување на хуманитарни акции во парични средства,храна, облека и средства за хигиена за ранливи категории на лица | Во текот на годината | Вработените во училиштето, Советот на родители,<br>Училишниот одбор<br>ученици од 1 до 9 одд | Информирање, собирање и достава до одговорно лице во училиштето и до општината или Црвен крст | Организационен материјал | Подигање на свеста на учениците за помош кон другите, , развивање емпатија | Одговорни наставници, |
| ЕКО акции за пластика , хартија и батерии | -Организирање и спроведување на еко акции во соработка со ЕКОдруштва | Во текот на целата учебна година | Тим од наставници и ученици од<br>I-IX одд. | Собирање и складирање на хартија и пластика | Организационен материјал | Едукација за селекција и правилно отстранување на отпадот. | Одговорен наставнк |
| ЕКО акција за заштита на животната средина | Одбележување на денови за заштеда на енергија,вода , заштита на плане-тата Земја, климата, озонската обвивка, животната средина | Во текот на учебната 2021/2022 год | Ученици ,наставници | Одржување часови за одбележување | Литертура,<br>флаери ,<br>презентации | Зголемено ниво на грижа кон животната средина | Еко одбор |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Еколошки акции според еколошки календар | Превземање на соодветни активности за одбележување според различни еко датуми | Во текот на учебната 2021/2022 год. | Наставници и ученици, Родители Локална заедница | Интегрирани отворени часови, Презентации ,предавање | Потрошен материјал | Промовирање на важноста за зачувувањ е на здрава животна средина. | Еко одбор |
| Хепенинг за роденденот на општината Карпош | Учество во прославата на Денот на Општина Карпош и соодветни активности | Ноември | Општината Наставници и ученици | Дискусии, Предлози | Ученички творби,изработки | Да се зголеми свеста за негување и издигнување на културното ниво и да се зајакне соработка со општината и афирмирање на општината | Настав-ници, претстав-ници од општината |
| Базари | Дискусии,предлози среди ,нацрт план | Во текот на учебната 2021/2022 година. | Наставници, родители и ученици од I - IX одд. | Просторна и функционална организација | Организацион материјал | Развивање на креативност, дружење, соработка и почитувањ е | Наставници, родители ученици од I - IX одд. |
| хепенинзи | Организирање на манифестации по одреди поводи | Во текот на учебната 2021/2022 год. | Наставници родители и ученици од I - IX одд. | Организирањ е на настан | Организиационен материјал | Ширење на позитивна енергија и сплотенос т | Наставници, родители ученици од I - IX одд. |

9.4. Клубови

Клубови во ООУ „Вера Циривири – Трена“ во учебната 2021/2022година

| Име на клубот | Цели | Име и презиме на вклучениот/ите наставникот/ците или стручни соработници | Временска рамка | Средства за реализација | Други податоци кои е потребно да се претстават |
|---|---|---|---|---|---|
| КЛУБ ЗА MICRO:BIT | Да се запознаат со уредот micro>bit – што претставува и да научат како да го програмираат | Игор Донов<br>Гордана Ѓорѓиевска<br>Јасмина Сретеноска | септември - јуни | Проектор, компјутер, прирачник -соработка со BRITISH COUNCIL | Изработка на проект и правилна презентација |
| Клуб за Црвен крст | Грижа за здравјето на учениците и подигање на хуманитарната свест | Валентина Пешевска,<br>Лила Трпчевска<br>Кристина Николовска | септември - јуни | Училница училишен двор проектор компјутер | Предавање од страна на стручни лица доктори |
| КЛУБ НА РОДИТЕЛИ, УЧЕНИЦИ И НАСТАВНИЦИ | Продлабочување на соработката на сите чинители на образовниот процес родители, наставници и ученици | Радмила Петровиќ-Јордановска<br>Сузана Аспровска<br>Ванчо Љатковски | септември - јуни | Училница проектор компјутер списанија | Подигање на реномето на училиштето |
| Клуб за превенција од насилство ФОРУМ ТЕАТАР | Превенција на насилство во училиштето подигање на свеста кај учениците за меѓусебна толеранција | Стручна служба<br>Членови на драмска секција | септември - јуни | Училница проектор компјутер списанија соработка со детската амбасада „Меѓаши“ | Со драмска игра да се подигне свеста за меѓусебна толеранција |

## 10.Ученичко организирање и учество

Од учебната 2021/2022 година според Законот за основно образование ученичкото организирање и учество се имплементира преку ученичка заедница на паралелка и ученички парламент.
Целта е активно учество во застапување на правата и интересите на учениците,учество во активности за обезбедување на врсничка поддршка ,учество во подготовка на годишна програма за работа,предлози за воннаставни активности и сл.
Ученичкиот парламент го сочинуваат претседателите на заедниците на паралелките. Ученичкиот правобранител се избира со мнозинство гласови од учениците од 7 до 9 одд по пат на тајно гласање.
Ученичкото организирање промовира модели на ученичко учество и заштита на детските права во рамките на училиштето.
Преку организирање на состаноци се учат вештини што се неопходни за демократско дејствување како и општествени вештини од типот да се биде чуствителен кон другите,да се развива емпатија,да се надминат тешкотии, да се изрази конструктивна критика и сл.
Се негува тимската работа со цел прифаќање еднакви методи за достигнување на саканата цел и еднакво партиципирање во одлучувањето и распределба на обврските.
Во континуитет се одржуваат работилници со учениците посветени на детските права,организирање на промотивни настани(инфо денови).
Во текот на сите активности постои континуирана поддршка.

Програмата „Антикорупциска едукација за учениците од основните училишта“ има за цел да воспостави вредносен систем, кој ќе ја измени сегашната култура на прифаќање на корупцијата и ќе ги промовира придобивките од доброто владеење и однесување. Заменувајќи ги лошите навики и пораки со добри, и истакнувајќи ги позитивните примери, ученикот ќе може да ја препознае корупцијата и да се заштити од оваа негативна општествена појава. Наставниот предмет Граѓанско образование дава голема можност за проширување на знаењата на учениците со воннаставни активности.

Целите на програмата се учениците да се запознаат со поимите корупција, антикорупција, интегритет и етичност, да се запознаат што значи „одолевање на социјален притисок“, да знаат во кои облици може да се појави корупцијата и начинот на спречување и заштита од истата.
Програмата ќе овозможи учениците да можат да ги препознаваат механизмите за спречување на корупцијата, да го сфатат штетното влијание на корупцијата во општеството како и улогата на Државната комисија за спречување на корупција во Република Северна Македонија и механизмите преку кои таа делува.

**Подмладок на Црвениот крст**

Во училиштето на организиран начин учениците ги остваруваат своите интереси, преку одредени форми на ученичко организирање. Во активностите на нивните организации се вклучени наставници кои ги помагаат и поддржуваат нивните програмски активности.

**Цели:**

- Создавање, развивање и негување хигиенски навики кај учениците, подигнување на нивото на здравствената култура, оспособување на подмладокот за укажување прва помош во

случај на несреќи, како и водење постојана грижа за здравјето преку здрава исхрана и здрава и чиста средина за живеење.

- Развивање на чувства за хуманизам, солидарност, сочувство, толеранција и почитување по пат на разновидни игри и работа, а со тоа здобивање на пријатели и развивање на пријателството.

**Детска организација**

Развивање на чувство за припадност и дружење кај учениците,подигање на културна свест и развивање на натпреварувачки дух, воспоставување на раководство на Детска организација, организирање на посети, учество во квизотека.

**Ученички активизам**

Учениците имаат право на ученичко организирање на ниво на паралелка и училиште.
Начинот на ученичкото организирање се уредува со Статутот на училиштето.
„За организирано остварување на интересите на учениците во основнотоучилиште, учениците се организираат во заедница на паралелка и ученички парламент.

**УЧЕНИК-ПРАВОБРАНИТЕЛ**

**План за работа на Ученичкиот Правобранител во учебната 2021/2022 година**

| Компоненти | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ПРОМОВИРАЊЕ НА ДЕТСКИТЕ ПРАВА | | | | | |
| Задачи / цели | Активности | Носители на активности | Временска рамка | Ресурси | Очекуван исход |
| Реализирање на промотивни работилници | Работилници:<br>1.„Здравје во училишен контекст и унапредување на здравјето во училиште“<br><br>2. „Со активно учество и одговорност до подобрување на квалитетот на живеење“<br>3. „Запознавање со Конвенцијата за правата на детето“ | Ученички парламент Стручни соработници Ученички правобранител | Прво полугодие | Ресурсен тим (одговорен наставник на ученички от парламент, стручна служба, наставници) Техничка поддршка<br><br>Работни материјали | 1.Подигнување на свеста за важноста на севкупното здравје на ученикот-позитивно прифаќање и доживување на себе си, добри односи со другите и успешно справување со животните предизвици<br>2.Учениците треба |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | самостојно да донесат одлука дека здравиот животен стил е нивна лична определба и одлука.<br>3. Запознавање на Конвенцијата за правата на детето-историјат, структура, улога на Конвенцијата. |
| Запознавање со поимот дебата – теоретски и практичен контекст | 1.Презентација „Дебата во образованието“<br>2.Организирање на дебатна трибина на тема актуелна за учениците „ Воведување на униформи во училиштата“<br>3.„Компетитивна дебата – улога и значење“ – презентација и организирање на дебатна трибина | Ученички парламент<br>Стручни соработници<br>Ученички правобранител | Февруари,Март | Ресурсен тим<br><br>Техничка поддршка<br><br>Работни материјали | 1.Запозанавање со поимот дебата,<br>2.Почитување на сечие размислување,<br>3. Развивање на вештини за дебатни копмпетитивни дискусии.. |
| Организирање Инфо ден | Информативен настан за запознавање на детските права: забавно-едукативна програма во делот на | Ученички парламент<br>Стручни соработници<br>Директор<br>Ученички правобранител | Декември | Поддршка од Ресурсен тим, Ученички заедници Хепенинзи<br>Флаери | Учениците да се запознаат со Детските права |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Предновогодишните активности | | | | |
| ПОДДРШКА ЗА ЗАШТИТА НА ДЕТСКИТЕ ПРАВА | | | | | |
| Поддршка за заштита на детските права и информирање на учениците во училиштето. | Ученичкиот правобранител ги препознава прекршувањата на детските права и прибира поплаки и жалби од страна на учениците | Ученички правобранител<br>Стручни соработници | Еднаш месечно | Ученички заедници<br><br>Материјална и техничка поддршка | Прибирање на податоци и забечешки од сите органи и тела на УЗ и стручните соработници;<br>УП е активен набљудувач,<br>Изготвување на месечни извештаи со цел превземање идни активности |
| ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОПЛАКИ / ЖАЛБИ ДО СТРУЧНИТЕ СОРАБОТНИЦИ ЗА НАТАМОШНО РЕШАВАЊЕ | | | | | |
| Доставување на Преставки | 1.Поставување на формата на преставка на веб страната на училиштето<br>2, Разгледување на преставката и објективност за нејзино проследување<br>3.Разрешување на преставката со соодветните надлежни органи и институции | Ученички правобранител<br>Стручни соработници | Секој квартален период | Ученички заедници<br>Материјална и техничка поддршка | Водење евиденција за поднесените и решените преставки;<br>Поттикнување на активно учество во остварување на Детските права |

## 11. Вонучилишни активности

11.1. Екскурзии, излети и настава во природа

Поради состојбата во државата предизвикана од пандемијата со КОВИД -19 училиштето ќе постапува согласно утврдените законски протоколи и насоки од МОН и Министерството за здравство.

Доколку дозволува епидемиолошката состојба реализација на ученичките екскурзии ,ќе изготвиме анекес за екскурзии кон годишната програма за работа на училиштето.

11.2. Податоци за учениците од основното училиште вклучени во вонучилишни активности

| **Одделение** | **Активности** |
|---|---|
| IIIa | Кошарка 8 ученика, свирење виолина 1 ученик, фудбал 3 ученика, танци 2 ученика |
| IIIб | Фудбал 1 ученик, пливање 3 ученика,танц 1 ученик, тенис 2 ученика. |
| IVa | Пливање 5 ученика, тенис 4 ученика, кошарка 2 ученика, клавир 2 ученика, фудбал 1 ученик, танци 2 ученика, 1 ученик гимнастика. |
| IVб | Фудбал 4 ученика, танци 2 ученика, пливање 1 ученик, фолклор 1 ученик. |
| Va | Фудбал 4 ученика, кошарка 2 ученика, балет 3 ученика, фолклор 2 ученика. |
| Vб | Фудбал 2 ученика, кошарка 5 ученика, балет 1 ученик, фолклор 1 ученик, музичко 2 ученика. |
| VIa | Кошарка 3 ученика, танци 3 ученика, фолклор 2 ученика. |
| VIб | Фудбал 1 ученик, пливање 1 ученик, пијано 2 ученика. |
| VIIa | Одбојка 3 ученика, пливање 3 ученика, музика и танци 4 ученика, кошарка 1 ученик. |
| VIIб | Кошарка 2 ученика, фолклор 2 ученика, скијање 1 ученик, боречки вештини 2 ученика, глума 2 ученика, танци 5 ученика, тенис 1 ученик, ракомет 2 ученика. |
| VIIIa | Кошарка 4 ученика, танци 2 ученика, фолклор 1 ученик, глума 1 ученик. |
| VIIIб | Кошарка 4 ученика, фудбал 3 ученика, одбојка 3 ученика, латино танци 2 ученика, музичко училиште 1 ученик. |
| IXa | Танци 1 ученик, боречки вештини 2 ученик, одбојка 1 ученик |
| IXб | Кошарка 2 ученика, ракомет 2 ученика, фудбал 3 ученика, пливање 1 ученик |
| | |

## 12. Натпревари за учениците

Во текот на учебната 2021 - 2022 година, учениците ќе земат активно учество на општински, регионални, државни и меѓународни ученички натпревари по различни наставни предмети. Во одреден период од учебната година, наставниците ќе организираат училишни натпревари на кои ќе учествуваат ученици, кои покажуваат посебни афинитети и знаења по одреден предмет/одредени предмети, со цел да продолжат понатаму да се натпреваруваат, надвор од училиштето, и на тој начин да го афирмираат и претстават училиштето на најдобар можен начин, се разбира, и со освојување на значајни награди и места. За таа цел, се доставува план за ученички натпревари, со имиња на ученици – учесници, а за истите се обезбедува и тимска поддршка од наставниците за нивна подготовка, како и финансиски план за реализација и поддршка од советот на родители.

Нашето училиште, редовно, секоја учебна година, учествува на разни видови натпревари, организирани од акредитирани здруженија на наставници. Оваа учебна година училиштето планира да учествува на следните натпревари (на општинско, регионално, државно и меѓународно ниво):

2. Во училиштето се доаѓа 15 минути пред почнувањето на наставата ,без задоцнување,задоцнувањето се смета како неоправдано отсуствување.
3. Отсуствувањето од часови ученикот или родителот се должни да го оправдаат во рок од најмногу 8 дена,во спротивно ќе се сметаат за неоправдани.
4. Стого е забрането носење на оружје и орудија во училиштето, со кои би можело да се повредат другите.
5. Строго е забрането носење и конзумирање на алкохол,цигари и дрога во објектот и дворот на училиштето.
6. Забрането е и казниво фрлање на петарди во објектот и дворот на училиштето.
7. Казниво е секакво физичко и психичко малтертирање и предизвикување на тепачки,како и учествувањето во истите.
8. Учениците се должни да се почитуваат меѓусебно,како и да ги почитуваат наставниците,вработените во училиштето и возрасните.
9. Задолжително е учениците да ги почитуваат учениците од друга нација и вероисповед.
10. Забрането е навредување и омаловажување на учениците на основа на материјалниот и социјалниот статус.
11. Постарите ученици имаат обврска да ги заштитуваат помладите ученици и меѓусебно да се почитуваат.
12. Најстрого е забрането изнудување на пари или други предмети од учениците.
13. Се казнува допишување на оценки и други податоци во дневникот,како и во евидентните листови.
14. Строго е забрането и казниво уништувањето на училишниот имот,пишувањето по зидовите,чкртање по маси и столови и слично.
15. Забрането е и казниво да се снима со мобилен телефон, да се снимаат ученици или пак тепачки помеѓу нив.
16. Ученикот го представува училиштето и кога не е во неговите простории и треба да знае дека тоа неговото однесување го зголемува или намалува угледот на училиштето.
17. На училиште се доаѓа чист,исчешлан и во гардероба која е соодветна за возраста и ситуацијата.Строго се забранува на училиште да се доаѓа во мини-сукња,маица на перамки,кратки панталони...
18. Забрането е во училиште да се доаѓа нашминкано,може да се користи само сјај за усни...
19. Учениците не треба да се огледуваат на лоши примери, има многу позитивни примери за идентификација.
20. Учениците би требало да развиваат позитивни особини на личноста како што се; несебичност,чесност,искреност...
21. Задолжително е книгите од училишната библиотека како и учебниците да се враќаат навреме,во дадениот рок и во состојба каква што биле кога се земале .

## *ПРАВИЛА ВРЗАНИ ЗА НАСТАВАТА*

1. Ученикот има обврска редовно да посетува настава и да биде мисловно вклучен во наставниот процес.
2. Неприфатливо е зборување и пречење во текот на наставата.
3.Часот не е наменет за консумирање на јадење и пијалоци, за тоа е предвиден одморот.
4. Забрането е користење на мобилни телефони, МП3,МП4 плеери во текот на наставата.Доколку некој од учениците го користи, наставникот има право да му го одземе,да го однесе кај Директорот или педагошко-психолошката служба, каде ќе остане се додека не дојде родителот да го земе.
5. Казниво е препишувањето на контролните и писмени задачи,како и секакво друго однесување со кое може да им се наштети на останатите ученици.
6. На час треба пристојно да се седи, а не да се лула во столчето, да се лежи на клупата и слично.
7. Учениците кои имаат незадоволителни оценки, треба да посетуваат дополнителна настава.
8. Учениците не смеат неоправдано да отсуствуваат од часови. Отсуствувањето од одреден час го одобрува предметниот наставник, а отсуствувањето во текот на целиот ден го одобрува одделенскиот-наставник раководител. Подолгите отсуства ги одобрува директорот во соработка со одделенскиот совет.

## *ПРАВИЛА НА ОДНЕСУВАЊЕ ЗА ВРЕМЕ НА ОДМОРОТ*

1. Во училиштето треба да се влегува во ред и без туркање.
2. Строго се забранува трчање по ходниците и скалилата.
3. Учениците треба во ред да го чекаат почетокот на часот пред училницата, а не да седат и лежат по ходниците.
4. Забрането е да се фрла ужината низ ходниците и училишниот двор.
5. Училишниот Тоалет треба да служи за својата намена, а не за собирање на учениците во него како и за фрлање на отпадоци од ужинки, пластични шишиња и сл..
6. Казниво е непристојно допирање со кое се навредува личноста на друг ученик.
7. Треба да се избегнува излегувањето во дворот за време на малиот одмор.

19.4 Односи меѓу сите структури во учиитштето

Правилник за однесување на ученици, наставници и родители (во училиште и училишен двор) .
Со овој правилник се утврдуваат основните правила на однесување на вработените, учениците, родителите и други лица.
Со почитување на правилата се обезбедува: успешно одвивање на воспитно - образовната работа; подобрување на работната дисциплина; безбедност во училиштето и заштита на училишниот имот.

**1.Однесување на наставниците**
-Однос кон работното место, работата.

-Наставникот е пристојно облечен и уреден.
-Навремено доаѓа на работното место.
-Навремено започнува со наставниот час.

Со своето однесување, начин на комуникација и културен однос во секоја ситуација наставникот е позитивен пример за учениците кои ги образува и воспитува.

Наставникот со учениците, нивните родители, колегите, вработените во училиштето се однесува коректно, користи културна терминологија.

Наставникот е одговорен за работната атмосфера, дисциплината и безбедноста на учениците на часот.

Наставниците за време на часовите не треба да користат мобилен телефон.

Постојано стручно се усовршува и сознанијата стекнати на тој начин ги применува во секојдневната воспитно-образовна работа.

Наставникот има целосен увид за случувањата во училницата каде реализира наставен час-отсутни ученици, хигиена, состојба со инвентар, учебници.

Наставниците се должни редовно и активно да се вклучуваат во работата на Стручните органи на училиштето.

За секое отсуство од работа или предвремено заминување, треба да биде известен директорот.

Секој училишен проблем треба да го решаваат навремено, конструктивно, постапно (наставник - ученик, наставник - ученик - одделенски раководител, наставник - ученик - родител, наставник - ученик - стручна служба).

Одделенскиот раководител е должен да биде во постојана комуникација со родителот, навремено и конкретно да го информира, да бара ангажман и соработка во решавање на проблемите.

Педагошката евиденција и документација да ја води уредно, педантно и без корекции.

**2.Однос кон учениците**

Не е дозволено наставникот да отстранува ученици од часот.

Наставникот има обврска да го прими на час ученикот кој доцни и истото да го евидентира.

Забрането е телесно и психичко малтретирање на ученикот.

Рационално изрекува и предлага педагошки мерки за учениците од паралелката.

Секој ученик за време на престојот во училиштето треба да се однесува културно и да биде пристојно облечен.

За време на часовите, учениците се должни мобилните телефони да ги исклучат.

Ученикот е должен да влезе во училницата пред наставникот.

Ученикот има обврска редовно да ја посетува наставата и да ги исполнува планираните обврски и задачи што се предвидени со наставниот план.

Излегувањето односно влегувањето во училиштето и училницата, движењето по ходници се одвива дисциплинирано и во најдобар ред.

Ученикот не може да го напушти часот без дозвола на наставникот кој го води тој час.

За секое отсуство од часовите ученикот е должен навреме да го извести одделенскиот раководител (или предметниот наставник, стручната служба, директорот).

Ученикот е должен да ја почитува личноста на другите ученици, наставници и вработени во училиштето.

Ученикот е должен совесно да работи на усвојувањето на знаењата, вештините и вредностите пропишани со училишната програма и согласно тоа да не пречи во изведувањето на наставата

За време на наставата не смее да се нарушува редот и тишината во училишната зграда и во училишниот двор.

Ученикот, односно родителот или старателот, одговара за материјалната штета што ќе ја направи ученикот во училиштето, намерно или од крајно невнимание (неодговорно однесување).

Ученикот треба да се воздржува од употреба на навредливи зборови, поттикнување и учество во тепачки.

Ученикот треба да се грижи за училишниот инвентар во училницата и училишниот двор.

Учениците е должни да се грижат за хигиената во училиштето и блиската околина.

По завршување на училишните активности и обврски ученикот треба мирно да замине од училиштето и училишниот двор.

За учениците кои ги прекршуваат правилата на воспитно-образовната работа се применуваат мерки што се утврдени со Законот за основно образование .

Учениците се пофалуваат и наградуваат на начин утврден со Законот за основно образование.

Да ги почитуваат и да покажат толеранција кон другарите без разлика на верата и националната припадност.

Учениците не смеат да вршат психичко и физичко малтретирање на учениците и вработените во училиштето.

Ученикот во училиштето не смее да употребува вулгарни или навредливи зборови или да зборува со многу висок тон.

Родителите на учениците и други надворешни лица имаат обврска да ги почитуваат правилата и другите општи акти на училиштето.

Родителите и другите надворешни лица при влегување во Училиштето имаат обврска да се пријават кај дежурното лице.

Треба да се однесуваат културно и коректно кон учениците и вработените во училиштето.

**3.Однесување на родителите**

Родителите треба редовно да се интересираат за учењето и однесувањето на своето дете.

Родителите треба да соработуваат со одделенскиот раководител и предметните наставници и редовно да доаѓаат на родителските средби.

Родителите треба училишните проблеми да ги решаваат низ директна и конструктивна комуникација исклучиво со одделенскиот раководител, наставниците, стручната служба, директорот.

Доаѓањето на родителите во училиштето е регулирано со планот за родителски средби.

Во текот на учебната година планирани се минимум 4 општи родителски средби, а по потреба и повеќе.

Индивидуалните средби на наставниците со родителите ќе се одвиваат согласно распоредот за приемни денови на наставниците и по потреба.

Групните средби се реализираат по потреба.
Надвор од планираното време родителите не треба да престојуваат во училиштето.
Родителите се должни навремено да ги најавуваат и оправдуваат отсуствата на своето дете.
Родителите треба да го почитуваат временскиот распоред на часовите и да не влегуваат во училница за време на наставата.
Секоја намерно направена штета од страна на ученикот, родителот е должен да ја надоknади.

Не е дозволено родителите да се расправаат со соучениците на своето дете.

## 20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

### 20.1. Детектирање на потребите и приоритетите

Професионалниот развој претставува сложен процес кој подразбира постојано развивање на наставнички компентенции за да се создаде квалитетен воспитно - образовен процес,а со самото тоа од тој процес да произлезат генерациии на ученици кои во понатамошниот живот и работење ќе бележат високи квалитетни постигнувања. Преку самиот професионален развој на нставниците и стручната служба се овозможува еден континуиран целоживотен процес на истите за проширување,и продлабочување на неговите знаења како и стекнување вештини и способности за професионално извршување на работните задачи поврзани со наставни и вонnаставни активности.Преку професионалниот развој наставникот се оспособува да соработува со неговите колеги ,училишниот менаџмент ,училишната стручна служба како и родителите и локалната заедница каде функционира училиштето во кое работи.Преку континуираниот професионален развој наставникот се оспообува спремен да ги дочека сите промени во сферата на образованието кои ги носи општественоиот систем,а тоа подразбира примена на сите новопродуцирани реформи .

### 20.2. Активности за професионален развој

Професионалниот развој се базира на моделот на конструкција на знаењето , долгорочен процес, присатна е континуирана поддршка и следење на примената на стекнатото знаење .

Наставниците преку примена на рефлексија се оспособуваат да бидат добри практичари и истражувачи кои ги имплементираат знаењата , а воедно и го подобруваат успехот и ученичкото постигање и промоција за подобрување на наставничкат професија во општеството. Дополнително, во зависност од материјално - техничките ресурси во училиштето ќе се изработат акциони планови за посета на обуки, семинари (во училиштето и надвор од него), работилници на најразлични теми, поттикнати од потребите на наставниците и за истите ќе се изработуваат извештаи.

Целта на професионалниот развој на наставниците е да се подобрат постигањата на учениците преку континуирано осовременување на наставниот процес со нови форми,

методи, стратегии и техники, со посебен акцент на активното учество на учениците во процесот на учење и поучување како и континуира подршка за следење и примена на образовните реформи.

20.3. Личен професионален развој

Секој наставник е задолжен во рамките на сопствените потреби, интереси и за потребите на училиштето да следи стручна литература, да посетува семинари и обуки. Професионалниот развој на наставникот се евидентира во неговиот педагошки картон и во неговото сопствено професионално досие кое го водат стручните соработници, а во кое имаат увид и директорот и инспекторите од ДПИ.Заради малите материјални средства на училиштето, поради немање листа на лиценцирани обучувачи и нивни доставени програми наставниците не се во можност однапред да планираат обуки кои ги организираат надворешни субјекти., а кои ќе придонесат за подобрување на поквалитетна настава.Најчесто се посетуваат обуки кои ги организираат МОН, БРО, УСАИД, итн .Затоа училиштето врз основа на потребите на наставниците ќе достави барања до сите овие организации за одржување на обуки за кои се заинтересирани наставниците и секоја обука ќе биде евидентирана според Законот за основно образование. Во текот на годината ќе се следат часови одржани од страна на наставниците, одржување на додатна и дополнителна настава, работа на секциите, ќе се направат повеќе проверки по пат на тестови и училишни натпревари на ниво на генерации и по дадени предмети.

20.4. Хоризонтално учење

Професионалното стекнато искуство се разменува и споделува со останатите наставници и стручните соработници. Оваа учебна година како и секоја претходна наставниците на ниво на активи ќе разменат искуства во соработка со стручната служба и директорот на училиштето. Наставничката професија во општеството има голема улога и потребата од континуирано професионално усовршување се дел од круцијалното значење за реализација на успешен воспитно – образовен процес.

20.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

**ПРОГРАМА ЗА ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА НАСТАВНИОТ КАДАР учебна 2021/2022**

| **Компетенции** | **Тема/ наслов/носител** | **Активности и форми на професионален развој** | **Очекувани исходи** | **Вид на професионален развој** | **Потребни ресурси** | **Учесници** | **Улога на учесниците** | **Време на реализација** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Подрачје: Социјална и образовна инклузија**<br><br>4.1.11 Индивидуално работење со ученици на кои им е потребна помош | Индивидуален пристап на работа со ученици кои покажуваат потреба од помош при совладување на материјалот | -Индивидуален разговор со ученици за изнаоѓање на начини за усвојување на наставните содржини<br><br>-Соработка со колегите од активот; | Зголемен интерес кај учениците.<br><br>Збогатено и унапредено знаење.<br><br>Поголема вклученост на децата со ПП во наставата и совладување на | Индивидуален,<br><br>во училиштето | Нагледни средства<br><br>Анкети на ученици<br><br>Техники и методи на презентација | Наставници/<br><br>предметна настава | Учесници/<br><br>Реализатори | Септември<br><br>јуни |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | наставната содржина. | | | | | |
| **Подрачје: 2.3.Оценување на учениците**<br><br>2.3.11 Подготвување извештаи за постигнувањата на ниво на паралелка /наставен предмет и користење на сознанијата за подобрување на наставата и учењето | Примена на стекнатите сознанија за резултатите на учениците за подобрување на образовниот процес | -Изработка на квартални статистички анализи за споредба на постигнувањата на учениците<br><br>-Развивање на стратегија за подобрување на успехот | Развивање на критичко размислување, учење со разбирање и примена на стекнатите знаења за подобрување на успехот на учениците | Индиви дуален/<br><br>интерен<br><br>во училиш тето | Сумативно и формативн о оценување<br><br>Тестови на знаење<br><br>Наставни листови<br><br>Квизови<br><br>Проекти | Настав ници/<br><br>предме тна настав а | Учесн ици/<br><br>Реализ атори | Септе мври<br><br>јуни |
| **Подрачје: Училишна клима**<br><br>**3.2.5** - Организирање на учениците во заеднички активности каде до израз доаѓа меѓуврсничката соработка<br><br>(продолжува | Креирање и организирање на активности за вклучување на учениците во заедничка соработка | -Поттикнување на учениците на соработка и нивно вклучување во носење одлуки со цел развивање на нивното чувство на припадност кон училиштето и средината;<br><br>-Користење на стратегии за почитување на културните и родови разлики помеѓу мултикултурни работилници и МИО активности. | Поседување комуникациски вештини базирани на почит, етичност и свесност. | Интерен<br><br>во училиш тето | Работилни ци,<br><br>документа рен филм | Настав ници/<br><br>предме тна настав а | Учесн ици/<br><br>Реализ атори | Септе мври<br><br>јуни |
| **Идентификување можни ресурси за соработка со заедницата**<br><br>**5.1.4** | Запознавање со можности за соработка со локалната заедница | Изнаоѓање на можности и ресурси за соработка на наставникот со заедницата со цел подобрување и збогатување на наставните соджини | Подобрување на можности и ресурси за соработка на наставникот со заедницата со цел подобрување и збогатување на наставните соджини | Со надворе шни професи онални бизнис ентитет и здружен ија/ | Соработка со заедницата | Настав ници/<br><br>предме тна настав а | Учесн ици/<br><br>Реализ атори | Септе мври<br><br>јуни |
| **Подрачје: Следење и поддршка на развојот на учениците**<br><br>1.2(7)Реализирање работилници и други активности со ученици за превенција на различни теми поврзани со физичкото и менталното | Превенција на различни теми поврзани со физичкото и менталното здравје(на преку индивидуално следење на учениците и организирање работилници ипредавања | Работилници,<br><br>Предавања<br><br>дискусии | Развивање на меѓусебна поддршка,емпатиј а и одговорност како клучни вредности | Интерен<br><br>во училиш тето<br><br>Со надворе шни професи онални лица | Анкети<br><br>Есејски прашања | Струч на служба | Учесн ици/<br><br>Реализ атори | Во текот на првот о полуг одие |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| здравје(на пр.зависност,справување со стрес,справување со насилство,асоцијално однесување,справување со дискиминација исл) | | | | /здруженија/ БРО | | | | |
| **Подрачје: Училишна клима**<br>**3.2.7** Поставување прашања, поттикнување на учениците да поставуваат прашања и стимулирање дискусија | Поттикнување на учениците да поставуваат прашања | -размена на искуства со училишниот психолог и колеги<br>-проективна техника<br>-одржување на заеднички часови<br>-интерактивни работилници со примена на вежби и техники со драматиација | Ученици со развиена самопочит.Ученици кои ќе умеат да одговорт и постават имплицитни прашања.<br>Ученици со развиен соодветен модел на говорење и изразување. | Индивидуален во училиштето | -тим од колеги<br>- стручна служба<br>презентации<br>-план за самостојно учење | Наставници/<br>одделенска настава | Учесници/<br>Реализатори | Септември-јуни |
| **Подрачје: Соработка со семејствата и локалната заедница**<br>5.1. точка 1<br>Вклучување на семејствата во планирање активности на паралелката и училиштето | Поттикнување на родителите за активно вклучување во животот и работата на училиштето | Заеднички средби со родители за планирање на воннаставни активности за:<br>-оддржување стручни предавања во паралелката или на ниво на училиште;<br>-одбележување на значајни настани ; | Подобрување на комуникацијата и соработка со родителите и заедницата, взаемно почитување,прогрсивно усвојување на правилата<br>Зајканување на воспитната компонента | Интерен<br>во училиштето | Компјутер, ЛЦД проектор, презентации,Потрошен материјал<br>Средства за соодветно одбележување на значајни настани | Наставници/<br>одделенска настава | Учесници/<br>Реализатор | Во текот на целата учебна година |
| **<u>Подрачје: Реализација на настава</u>**<br>**<u>2.2 точка 8</u>**<br>Снаоѓање во нови и непредвидливиситуации и ставање во контекст на настава (далечинско учење во вонредни ситуации) | Примена на стекнати знаења и вештини за користење на различни медиуми и технлогија за подобрување на образовниот процес преку далечинско учење вовреме на вонредни ситуации | -обука за користење на платформи за далечинско учење<br>-изработка на наставни листови, презентации и видео часови со примена на различни платформи | Стимулативна средина соодветна на развојно ниво, превземање иницијатива за поттикнување на разбирање и примена на различна ИКТ во наставата | Индивидуален во училиштето<br>Со надворешни професионални лица | -стручна литература<br>прирачници<br>-заеднички часови<br>презентации<br>-ИКТ | Наставници/<br>одделенска настава | Учесници/<br>Реализатори | август-јуни |
| **<u>Подрачје:Создавање стимулативна средина за учење</u>**<br>3.1. точка 3<br>Оспоставување правилаза безбедна употреба на | Изготвување на правила за безбедно користење на средставата за работа и ИКТ опремата | Стручно предавање од надворешен соработник во паралелките<br>Обуки и семинари за безбедно користење | Безбедно користење на современите средства на комуникација во процесот на учење | Интерен<br>во училиштето | Современи средства за комуникација ( е – пошта, социјални мрежи, блогови, | Наставници/<br>одделенска настава | Учесници/<br>Реализатори | - ноември<br>- февруари |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| материјалите и средствата за работа вклучувајќи ја и ИКТ | | на ИКТ и современите средства за комуникација | | Со надворешни професионални лица | ЛЦД, проектор, паметна табла | | | |

## 21. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

Училиштето остварува континуирана соработка со родителите/старателите на учениците. Семејството има една од примарните улоги во училиштето која се реализира преку директна инклузија во следново:

-Животот и работата на училиштето
-Процесот на учење
-Активностите во училиштето во соработка со родителите
-Донесување на одлуки
-Едукација на семејството
-Користење на брошурата за родителите

### 21.1 Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

Семејството се вклучува за да се зајакне и унапреди дејствувањето на Советот на родители со претходно изработена програма, детектирање на различни состојби во училиштето (дефекти и поправка на инвентарот) кои влијаат на севкупната работа на училиштето, подобрување на условите за работа, донесување на идејни планови за организација на активности, поттикнување на родителите да учествуваат во донесување на решенија и одлуки во интерес на сите субјекти во училиштето и реализација на истите, организирање на распоред за средби со родители и отворен ден за прием на родители.Соработка на родителите и наставниците при реализација на електронска настава со цел олеснување на процесот на учење и совладување на материјата од страна на учениците.

Соработката со родителите ќе се остварува преку:

- **Индивидуални средби со родителите** – изготвен распоред за приемен ден на родител/старател (наставник, ден во неделата и час)
- **Групни родителски средби** - одделенскиот раководител ги најавува со покана за родител/старател (датум, време, место)
- **Седници на Совет на родители** - Советот на родители се грижи за подобрување на успехот на учениците и се вклучува во активностите на училиштето за осовременување на наставата и вonнаставните активности како и за подобрување на условите за престој и работа во училиштето. Советот на родители се залага за подобрување на дисциплината на учениците, намалување на изостаноците, осовременување на наставата и создавање услови за оптимална реализација на

воннставните активности. Во Совет на родители е вклучен родител како претставник од секое одделение. Соработката на Советот на родители со сите структури во училиштето во оваа учебна година ќе биде насочена кон унапредување на реализација на настава од далечина, подобрување на постигнувањата на талентирани, ученици со посебни потреби помош на ученици од ранливи групи и поттикнување на родителите за поголемо вклучување во активностите на училиштето. Советот на родители дава поддршка на училиштето во реализација на приоритетите за работа, реализација на програми за спречување на насилство, злоупотреба и дисктиминација меѓу учениците, унапредување на мултикултурна соработка и создавање оптимални услови за успешен развој на сите ученици. Советот на родители реализира седници редовно во текот на целата учебна година во согласност со потребите на училиштето.

- **Училишен одбор** – Училишниот одбор е активен фактор за креирање на современа настава. Соработката меѓу органот на раководење и органот на управување во училиштето води кон успех и унапредување на дејноста на училиштето.
- **Информативните списанија (брошури)** - родителите ќе се информираат за работењето и постигањата на училиштето.
- **Телефонски, писмени, како и контакти преку користење на одобрените платформи за онлајн соработка**
- **Посета на семејството на ученикот (одделенски раководител, психолог, директор)**

**21.2 Вклученост на родителите/старателитево процесот на учење и вонннаставните активности:**

Соработката со семејствата одностно родителите/старателите на учениците е од особена важност за подобрување на успех, дисциплина, поведение и редовност на учениците. Соработката на родителите/старателите со одделенскиот раководител, наставниците и стручната служба, овозможува континуирано и редовно информирање на родителот на ученикот и надминување на пројавените проблеми. Преку соработка со одделенскиот раководител и стручната служба, родителите навремено ќе се информираат за индивидуалниот напредок, социјализација, адаптација и детектирани проблеми кај ученикот. Родителите и семејството да имаат увид во начинот и условите за работа во училиштето, реализација на наставата, напредокот на учениците и проектите кои се реализираат во училиштето.

Се зема во обзир мислењето на родителите и нивни сугестии за дополненија и измени на планирањата, континуирано и непречено информирање за наставниот процес преку соработка со Училишниот одбор, директорот, наставниот кадар, стручната служба, учениците, подржување на наставниот кадар за олеснување на работата со учениците со потешкотии во развој и особено поддршка и соработка за напредување на талентираните ученици. Семејствата помагаат во прибирање на дидактички материјали, помагала и др.наставни средства и материјали како и давање на поддршка на реализаторите во наставата и помош при професионалната ориентација на учениците.

**Училиштето ги вклучува родителите/старателите во реализација на:**

- Приоритети на училиштето
- Реализација на наставни часови (родители експерти во одредени области)

- Екскурзии и излети,
- Училишен хепенинг
- Натпревари, приредби, манифестации, промоции.

**Родителите/старателите учествуваат во избор на:**

- Фирма за производство на ужинка за учениците
- Избор на компании за осигурување, фотографирање
- Организирање екскурзии за учениците
- Реализација на програма за намалување на насилство, злоупотреба и дискриминација во училиштето
- Работилници „Врсничко насилство“
- Вклучување во активностите за професионално информирање и ориентирање на учениците од IX одд.,
- Информирање за учество и постигнати резултати на учениците на натпревари, конкурси, смотри и слично.

**Во активностите на училиштето** семејството се вклучува со иницијативи за поуспешна приредби, манифестации реализација на слободните и воннаставните ученички активности, натпревари, екскурзии, , промоции и преку активности на „Клубот на родители“. Вклученост на родителите при реализација на електронска настава . Доколку наставата се реализира од далечина (поради пандемија со КОВИД19), комуникацијата со родителите/старателите ќе се реализира преку телефон и со користење на одобрените онлајн платформи.

**Во донесувањето на одлуки** семејството учествува со давање на идеи, предлози и донесување на одлуки преку Совет на родители, Училишна заедница, Училишниот одбор.

### 21.3 Едукација на родителите/старателите

Едукацијата на родителите/старателите го опфаќа стандардното планирање и организирање на едукативни работилници, советувања, типизирани предавања и третирања на теми преку соопштенија, флаери, плакети, брошури, како и преку училишната веб страница. Оваа учебна година се реализира **програмата за родителство,** каде целна група се родители на деца од 2-9 години.Исто така едукацијата на семејството вклучува и советодавно-консултативни работилници (индивидуални и групни), посета на семејства и др. Планирани се и низа други активности (советувања, разговори, психоедукација)кои имаат цел едукација на родителите/старателите за современи родителски стилови и вештини за унапредување на родителството, како што се:

- Советувања на родители на ученици кои нередовно посетуваат настава, имаат неуспех во учењето или несоодветно однесување
- Разговори со родители за утврдени кризи и семејни проблеми (социјални, семејства со ризик) и активности за помош со семејствата
- Информирање на родители на ученици со ПОП за состојба и напредок на нивните деца, начин како да ги остварат своите права,
- Разговори и психоедукација на родители за утврдени проблеми и состојби (наоди од социометриски и психометриски алатки, разговори и набљудувања)

- Соработка со родителите во превенција на насилство во училиштето и сперчување закани врз помалите ученици
- Соработка со родителите за намалување на бројот на неоправдани изостаноци во училиштето.

Континуирано родителите усно, електорнски и писмено се известуваат за успех, дисциплина, поведение и редовност на ученикот и во соработка со нив се работи на помош на ученикот за надминување на пројавените проблеми.

**Изработка на флаери, брошури за родители:** Училиштето изготвува информативни материјали кои се во вид на брошури, информатори, материјали прикачени на училишната веб платформа, во кои се наведуваат информации за планови на училиштето во учебната 2020/21 година, податоци за наставниците и приемните денови, информации за напредокот на учениците, реализирани активности во училиштето и други актуелни прашања.

## 22. КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА И ПРОМОЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

Училиштето континуирано ги користи сите ресурси обезбедени и понудени од локалната средина за афирмација, промоција и унапредување на дејноста на училиштето, како и можностите што ги нудат најразлични институции за унапредување на воспитно-образовната работа.

Се организираат заеднички културно-уметнички, образовни, спортски и други манифестации со другите училишта на ниво на општината, локалната заедница, институциите од областа на културата и образованието, невладини, здравствени и хуманитарни организации, спортски друштва и медиуми.

Како резулат на размена на знаења, мислења и искуства со наставниот кадар од другите училишта од општината, се збогатува воспитно - образовната работа.

**Локална заедница:** Во текот на учебната година училиштето активно учествува со свои претставници на најразлични манифестации меѓу кои се и Денот на Општина Карпош, Маскенбал по повод денот на шегата, Литературни и ликовни манифестации, Избор на талент и други збиднувања и проекти. Се воспоставува соработка со локалната заедница од типот на различни средби, посети на институции, собири и здружувања по одредени случувања, како на пример Полициската Станица – Карпош која редовно одржува предавање од сообраќајната култура, меѓуврсничко насилство. Воедно училиштето подготвува низа изложби, отворени денови и приредби на кои присуствуваат гости од локалната средина.

**Институции од областа на културата:** Во текот на учебната година предвидени се и посети на културно-историски споменици и музеи, библиотеки, театри, кино сали, ликовни колонии, филмски фестивали. Исто така учениците учествуваат на објавените литаратурно-ликовни конкурси, натпревари од областа на јазичните предмети, општествените премети, природно–математички предмети и спортски натпревари од индивидуален и екипен карактер.

**Институции од областа на образованието:** Училиштето континуирано соработува со образовните институции од локалната средина, градот Скопје и пошироко. Соработката со Државниот просветен инспекторат, МОН и БРО е континуирана. Како позначајни се истакнуваат соработките со Педагошкиот факултет во Скопје, Филозофскиот и Филолошкиот факултет при Универзитетот Св. Кирил и Методиј чии студенти доаѓаат на хоспитација во нашето училиште, потоа Машинскиот и Природно-Математичкиот Факултет. Со приватните и државните средни училишта од територијата на град Скопје интензивирана е соработката кон крајот на наставната година поради уписот на ученици во средно училиште, со нивни презентации на училиштата. Воедно редовно се одржуваат средби на Активот на директори од Општина Карпош, но и средби на психолозите и педагозите на ниво на град Скопје. Соработката со градинката од населбата се одвива во текот на целата година, но посебно е нагласена во текот на месец мај поради уписот на првачињата. Од областа на образованието на деца со посебни потреби, се одржуваат континуирани семинари, обуки и советувања со Здружението за Дислексија – АЈНШТАЈН и Македонското Здружение за Аутизам. Во чекор со најновите ИКТ трендови, наставничкиот кадар се едуцира за примена на најновите ИКТ алатки во наставата преку семинари и обуки од лиценцирани фирми како СЕМОС и др. подржани од општината.

**Невладини организации:** Со првата детска амбасада- МЕЃАШИ се реализираат активности преку форум-театар за намалување на меѓуврсничкото насилство во училиштето. Во текот на целата учебна година учениците собираат пластична амбалажа во соработка со еколошкото друштво ПАКОМАК за проектот Нула Отпад подржан од МОН, МЖСПП, Делегацијата на Европската Унија и МАСВА, се собираат стари батерии во соработка со ЕЛКОЛЕКТ, а воедно се учествува на конкурси за изработка на предмети од рециклиран материјал. За хуманитарни цели училиштето има соработка со Lions Quest, UNODC и ЦИВИЛ.

**Спортски друштва:** Преку континуирани натпревари–кошарка, фудбал и ракомет училиштето учествува на натпревари во опшинската лига. На крајот на учебната година

(април–мај ) се организира крос натпревар, ролеријада и велосипедизам на ниво на општина.

**Здравствени организации:** Во текот на учебната година се предвидени и редовно се одржуваат стоматолошки и систематски прегледи за учениците од I-IX во Детскиот диспанзер во Карпош. Истиот одржува предавања во пониските одделенија за одржување

на хигиена на забите, правилна исхрана и физичко здравје. Воедно на учениците им е овозможено на доброволна основа да бидат осигурани во понудена осигурителна компанија.

**Дирекција за заштита и спасување од елементарни непогоди:** Нашето училиште соработува со Дирекцијата за заштита и спасување од елементарни непогоди – која е под директна надлежност на Центарот за управување со кризи. Од Центарот се добиваат постојани насоки и појаснувања како да се однесуваме при одредени опасности во различни кризни моменти. Сите вработени и ученици се запознаваат и едуцираат како се постапува во кризни моменти за кои што се одржуваат вежбовни активности (земјотрес, пожар и поплава).

**Хуманитарни организации:** Нашето училиште има постојана соработка со Црвениот крст – Карпош како и Црвениот крст на град Скопје при што се организираат повеќе работилници, хуманитарни акции, донации и превентивни предавања.

**Медиуми:** Нашето училиште во континуитет се промовира преку сајтот на училиштето и општината, преку флаери за упис на првачиња, списанието Наш свет, како и преку учество во телевизиски емисии на многу локални и национални телевизии.

23. Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште

| Приоритетни подрачја за следење | Начин и време на следење | Одговорно/ни лице/а | Кој треба да биде информиран за следењето |
|---|---|---|---|
| Процесот на учење на далечина и релизација на наставната програма | Во текот на учебната година | Стручна служба директор | Наставнички совет,училишен одбор,Совет на родители,ДПИ |
| Психофизичкото здравје на учениците | Во текот на учебната година | Стручна служба,наставници директор | Ученици,наставници,родители |
| Примена на содветни наставни средства ,алатки и методи на работа во настава. | Во текот на учебната година | Директор,стручна служба | Наставници |
| Следење на професионалниот развој | Во текот на учебната година | Наставници, директор служба | Наставници |

24. Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште

Со евалуацијата на годишната програма ги согледуваме стекнатите знаења и вештини ,способности и искуства,формирани ставови ,развивањето на критичен однос кон процесот на учење и работа што ќе овозможи напредок во севкупниот живот и во развојот на воспитно- образовниот процес. Со воспаставениот систем на следење и вреднување на севкупната работа на училиштето која се остварува преку стандардизирани инструменти и критериуми утврдуваме квалитети и вредности кои постојано се зголемуваат.

По спроведената евалуација одредуваме стратегија за подобрување на наставниот процес и работата на училиштето.

25. Заклучок

Успешната работа на училиштето се темели на квалитетна настава со квалитетни наставници меѓу кои постои соработка и пријателство и кое функционира без присила и страв. Со цел следење на иновациите во образованието се спроведуваат промени во организациската поставеност и работата на училиштето кое содржи јасна мисија и визија ,добра организација,современа училишна култура,здрава училишна клима и доверба. Со воспоставените стандарди и критериуми се придонесува за развој на слободата на умот ,знаењето,иновациите и креативноста.Тендецијата на училиштето е идните ИКТ писмени ученици да го прифатат моделот на перманетното образование како дел од нивниот ментален склоп и да се оспособат да егзистираат во новите услови во општеството.

Забелешка:

Дел од планираните активностите од програмата може да претрпат промени во зависност од епидемиолошката состојба во државата,а во согласност со препораките на надлежните инстиуции.

26. Комисија за изработка на годишната програма за работа на основното училиште:

Директор: Светлана Шајноска

Педагог: Татјана Дончевска

Наставник: Ванчо Љатковски

Наставник: Билјана Стојановска

Филип Арсов- претставник од ученичкиот парламент

Тимови наставници

28. Користена литература

Правилник за формата и содржината на годишна програма за работа на основното училиште ,кодекс на однесување, интерни правилници, Закон за основно образование, извештаи, Статут на училиштето

Директор на училиштето

Светлана Шајноска

Претседател на Училиштен одбор

Билјана Настеска Каланоска

**ПРИЛОЗИ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ**

**-** Годишна програма за работа на: директор, помошник директор, сите стручни соработници одделно, училиштен одбор, совет на родители, наставнички совет, стручни активи, одделенски совети, училиштен инклузивен тим, ангажираните образовни медијатори,тутори, хор и оркестар, заедница на паралелката, ученички парламент, ученички правобранител.

-Распоред на часови

-Акциони планови за реализација на сите проекти во училиштето и акциски истражувања

-Програми за воннаставни активности

-Програма за додатна настава

-Програма за дополнителна настава

-Програми за вонучилишни активности

- Програма за реализација на ученички натпревари

-Програма за унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција

- Проекти што се реализираат во основното училиште

-План за поддршка на учениците и за подобрување на резултатите

-План за професионална ориентација на учениците

-План за промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација

-План за следење и анализа на состојбите со оценувањето

-План за стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работатана воспитно-образовниот кадар

-Програма за самоевалуација на училиштето

-Програма за заштита и спасување од елементарни непогоди

-Распоред на дежурни наставници

-План за естетско и функционално уредување на просторот и опкружувањето на училиштето

- Правилник за однесување на ученици, наставници и родители (во училиштето и училишниот двор)

-Програма за професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

-Програма за соработка на основното училиште со родителите/старателите

-Програма за соработка со локална средина и локална заедница

-Програма за грижа за здравјето на учениците

-Програма за јавна и културна дејност на училиштето

-Програма за следење и евалуација на годишната програма за работа на основното училиште